Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ И НОТАРСКИ ТРОШОЦИ

**- Упатства за даватели на правна помош -**

**Јуни 2021**

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за програми за соработка.*

*© Совет на Европа, јуни 2021. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*

## Вовед и содржина

Овој документ содржи основни информации за расположливите механизми за ослободување од административни такси и нотарски трошоци, условите за нивно користење и пропишаните постапки. Документот содржи упатства наменети за давателите на примарна правна помош. Неговата цел е да им користи на давателите како ресурс доколку во текот на нивното работење се соочат со слабоимотно лице, кое не би можело да оствари бесплатна правна помош, а има потреба од прибавување на документација потребна за поведување постапка во која би се решавало за одредено правно прашање од негов интерес. Упатствата треба да овозможат лицето да добие квалитетна правна информација и совет неопходни за олеснување на пристапот до конкретната постапка. Документот е изработен во рамките на Националното координативно тело за бесплатна правна помош.

## Ослободување од плаќање административни такси

**1. Кои лица се ослободени од плаќање административни такси?**

Ослободени од плаќање административни такси, согласно член 15 од Законот за административни такси, меѓу другите се и граѓаните со слаба имотна состојба, корисници на основни и други права според Законот за социјална заштита.

**2. Што е потребно за ослободување од плаќање административна такса?**

Согласно член 18 точка 1 од Законот за административни такси, такса не се плаќа за списи и дејства во постапката за прибирање докази за слаба имотна состојба, заради признавање на ослободување од плаќање такса. Иако законот изрично тоа не го наведува, сепак лицето кое е слабоимотно и бара ослободување од такса, за тоа ќе мора да поднесе писмено барање/предлог за ослободување, за што аналогно би важеле правилата на Законот за општа управна постапка.

**3. За што не се плаќа такса?**

Освен за потребата од точка 2 на овој документ, во член 18 од Законот за административни такси се наведени и други списи и дејствија за кои не се наплаќа такса. Како списи и дејствија за кои слабоимотното население најчесто има потреба, се издвојуваат:

- списи и дејства во постапката за запишување во книгите на државјаните;
- списи и дејства во постапката за пријавување и запишување во матичните книги;
- списи и дејства за остварување на правата од здравственото, пензиското и инвалидското осигурување;
- списи и дејства за доделување на социјална помош и за остварување на други форми на социјална заштита (сместување во социјални установи и слично);
- списи и дејства во постапката за остварување на правата на инвалидите кои по законот им се признати;
- списи и дејства во постапката за остварување на правото на додаток на деца;
- списи и дејства во врска со приемот на подароци и пакети од добротворните организации од странство, ако се упатени на име на добротворни организации во Република Македонија;

- списи и дејства во постапката за издавање на лични карти на македонските државјани и издавање и продолжување на дозволата за постојан престој на странските државјани;
- идентификациона исправа за барател на право на азил;
- пријавување и одјавување на живеалиште и престој на граѓаните;
- претставките што граѓаните ги поднесуваат до државните органи и до другите јавни служби;
- списи и дејствија во постапката за умрени лица.

**4. Која е разликата помеѓу административната такса и надоместокот кој се плаќа пред некои институции за прибавување определен акт (уверение, извод, потврда и сл.)?**

Административната такса е законски утврдениот износ на списот или дејствието во управните работи кои ги извршуваат органите на државната управа, органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, како и трговските друштва, здруженијата на граѓаните и другите правни лица кога во вршењето на јавни овластувања што им се доверени со закон и дипломатските и конзуларните претставништва на РСМ во странство. Износот односно административната такса е утврдена со тарифник во рамки на Законот за административни такси.

Надоместокот за увид и користење на податоци од системите/книгите кои ги водат определени институции, го носи самата институција со Ценовник.

Примери

1. Административната такса за извод од матична книга на родени според Законот за административни такси е 100,00 денари, додека според Ценовникот на **Управата за водење матични книги** износот на образецот на кој се издава изводот е 50,00 денари[1].

2. Според член 20 од Законот за административни такси, за вршење на услугите и користење на податоците од катастарот на недвижности и катастарот на земјиштето не се наплатуваат административни такси пропишани со тарифа за административни такси. Но, **Агенцијата за катастарот на недвижности** во согласност со член 37 став 2 од Законот за катастар на недвижности носи своја тарифа во која ја определува висината на надоместокот за користење и увид на податоците. Според оваа тарифа, вадење имотен лист би чинело 180 денари (во хартиена форма) или 150 денари (во електронска форма)[2].

3. Согласно член 18 од Законот за Централен регистар на РСМ, за извршените услуги од делокругот на својата работа а кои се однесуваат меѓудругото и за користење на податоци од Централниот регистар, **Централниот регистар** наплаќа соодветен надоместок според Тарифата која ја носи Управниот одбор на Централниот регистар. Тоа значи дека доколку едно лице има потреба да добие извод од тековна состојба на некој субјект, потребно е плати 256,00 денари[3].

[1] https://e-portal.uvmk.gov.mk/external/priceList

[2] https://www.katastar.gov.mk/2017/12/25/%D0%B8%D0%BC%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82-2/

[3] https://www.crm.com.mk/mk/uslugi/dobijam-potvrda-ili-informatsija/delovni-podatotsi-i-potvrdi-za-subjekti/tekovna-sostojba-na-subjekt?idV=8092

*Од овие примери произлегува дека едно лице може да добие ослободување од административна такса само во случај доколку побара извод од матична книга на родени пред Управата за водење матични книги, со тоа што ќе добие ослободување на 100те денари за таксата, додека 50те денари за образецот ќе мора да ги плати. Доколку има потреба за вадење документ од Катастарот или од Централниот регистар, нема да може да добие ослободување за плаќање на таксата од причина што тоа не е такса, туку надоместок.*

**5. Од кои услуги/списи/дејствија слабоимотно население има најчесто потреба?**

***Услуги/списи/дејствија според Закон за административни такси за кои може да се побара ослободување од административни такси:***

- Решение за утврдување на државјанство на РСМ, со такса во износ од 150 денари
- Решение за дополнителни запишувања и исправки во матичните книги, со такса во износ од 150 денари
- За издавање патна исправа или издавање дупликат на патна исправа за патување во странство, зависно од возраста таксата се движи од 50 до 250 денари за државјани на РСМ.
- За издавање на изводи од казнената евиденција, со такса во износ од 100 денари.
- За изводи од матичните книги на родени, венчани и умрени за во земјата и за во странство, со такса во износ од 100 денари
- За Уверенија од матичните книги со сите клаузули за во земјата и во странство, со такса во износ од 50 денари
- За сите видови на решенија од управните постапки на Управата за водење на матичните книги, со такса во износ од 250 денари
- За сите видови на барања за податоци од матичните книги за родени, венчани и умрени, со такса во износ од 50 денари.

***Услуги/списи од Агенцијата за катастар на недвижностите, за кои не може да се бара ослободување од надоместокот***

- надоместоци утврдени според Тарифникот на Агенцијата на катастар на недвижности

***Услуги/списи од Централниот регистар на Република Северна Македонија, за кои не може да се бара ослободување од надоместокот***

- Надоместоци утврдени според Тарифата на Централниот регистар на РСМ.

## Ослободување од плаќање трошоци на постапка пред нотар

Според Законот за нотаријат (ЗН), „нотарската служба опфаќа составување и издавање јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски, донесување решенија во постапка за издавање нотарски платни налози, потврдување на приватни исправи (солемнизација), издавање потврди, заверка на потпис и ракознак, препис, превод, примање на чување исправи, пари и предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи, како и вршење доверени работи определени со закон” (Член 3 став 2 од ЗН).

Во однос на трошоците, законот предвидува во член 37 дека странката што има право да биде ослободена од трошоци во постапка според ЗПП, може да побара од Нотарската комора да ја ослободи од плаќање такса, награда и трошоци за преземање дејства од нотарот, а Комората ќе му ги надомести истите на нотарот што постапувал. Во законот не постојат експлицитни одредби за ослободување од плаќање на адвокатските трошоци кога се исполнети законските услови за тоа. Во секој случај, Управниот одбор на Нотарксата комора одлучува за ослободување од судска такса, награда и трошоци во постапка пред нотар.

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*